# За **Правилникот за работна етика на СБС**



СБС е независен национален јавен телевизиски, радио и дигитален медиумски сервис со одговорности кон австралиската заедница, утврдени во нашата Повелба. Ние сме финансирани од австралиската влада и делумно од комерцијални приходи, како што е рекламирањето.

Низ нашата мрежа споделуваме единствен австралиски начин на раскажување приказни, локални и меѓународни вести и актуелности, спорт, меѓународни драми и документарни филмови, храна, филм и локални радио услуги на повеќе од 60 јазици. Ние сме исто така дом на раскажување приказни за Првите нации,преку Националната автохтона телевизија (NITV) која обезбедува програми низ призмата на автохтоните народи.

За да се осигураме дека нашата содржина ги исполнува очекувањата на заедницата, го имаме SBS Code of Practice, кој утврдува правила и стандарди за целата содржина на СБС, без оглед каде ќе пристапите до неа - на телевизија, радио, преку Интернет или на социјални медиуми.

### The Code of Practice опфаќа важни работи како што се...

## ДОВЕРБА
### Како обезбедуваме доверлива и релевантна содржина

- Ние донесуваме независни одлуки за нашата содржина.
- Нашата содржина за вести и актуелности е точна, избалансирана и непристрасна и е од јавен интерес.
- Ние прифаќаме сеопфатен опсег на погледи и перспективи - нашата содржина може да биде иновативна и предизвикувачка, како и контроверзна и провокативна.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ
### Како ви помагаме во изборот на содржини

- Ние обезбедуваме информации за да можете да ја изберете содржината што е соодветна за вас и за сите деца и млади што се под ваша грижа.
- Ние осигуруваме дека рекламирањето се разликува од нашата содржина и одредуваме правила за поставување на одредени видови рекламирање.
- Кога се работи за потенцијално вознемирувачка содржина, разгледуваме кој би бил веројатниот профил на публиката што би ја прател, применуваме чувствителност, даваме предупредувања каде што е соодветно и го покажуваме тој материјал само доколку е уреднички релевантен.

## ПОЧИТУВАЊЕ
### Како практикуваме и промовираме почит

- Избегнуваме содржина што промовира предрасуди и дискриминација, вклучително и неоправдано користење на стереотипи, земајќи го предвид контекстот.
- Ние обезбедуваме содржина на други јазици освен на англиски и го охрабруваме изразувањето на широк спектар на погледи.
- Ние сме чувствителни на презентирање на домородните проблеми и ги набљудуваме културните протоколи на Абориџините и народите од Торес островите.
- Ние ја почитуваме приватноста на луѓето, која ја балансираме наспроти нашите одговорности за известување.

## ОДГОВОРНОСТ
### На кој начин сме одговорни

- Ние ви обезбедуваме начини да дадете повратни информации за нашата содржина и услуги, без оглед дали се пофалби или критични.
- Имаме независен процес за поплаки според Code of Practice, кои ги истражува SBS Ombudsman.




SBS

**Дознајте повеќе**
sbs.com.au/aboutus/sbs-code-of-practice